Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0506-27/3
**18.05.2023, Скопје**

За потребите на проектот „Уставниот суд – заштитник на човековите права", финансиран од Германската амбасада во Скопје, врз основа на Договорот за грант меѓу Германската амбасада во Скопје и Институтот за човекови права бр. 0307-22/1 од 14.04.2023 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

## ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 3/2023

### за ангажирање на двајца експерти за истражување и изработка на длабинска анализа на одлуките на Уставниот суд

1. Институтот за човекови права (ИЧП) во рамки на проектот „Уставниот суд – заштитник на човековите права", финансиран од Германската амбасада во Скопје има потреба од **набавка на двајца експерти за истражување и изработка на длабинска анализа на одлуките на Уставниот суд,** која ќе биде неопходна за успешно реализирање на проектните активности.

2. Опис на услугата:
   - Развивање на методологија за истражување и анализа во соработка со тимот на ИЧП;
   - Селекција на предмети за обработка од 1992 до денес;
   - Истражување и изработка на длабинска анализа на предметите на Уставниот суд во однос на заштита на човековите права.

   Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача 3/2023

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во период од **5 јуни 2023 до 5 ноември 2023**.

4. ИЧП ќе склучи договори со избраните понудувачи за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 3/2023.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

**Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:**
- CV со фокус на потребната квалификација и искуство.

**Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:**

| Ставка | Опис на производ/услуга | Количина (во денови) | Цена во бруто износ (МКД) |
|---|---|---|---|
| 1. | Драфт верзија со утврдени поглавја | 10 | |
| 2. | Финална верзија со препораки | 20 | |
| ВКУПНО | | 30 | |

Институт за човекови права

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **31.05.2023 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **26.05.2023 година**.

**Весна Стефановска**
**Институт за човекови права**

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

Auswärtiges Amt